**20251603541**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јули 2025 година.

Бр. 08-4234/1
29 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РИБАРСТВО И АКВАКУЛТУРА

Член 1

Во Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 64/24), во член 8 во ставот (6) зборот „донесува“ се заменува со зборот „утврдува“.

Член 2

Во член 17 став (1) во точката 8 зборовите: „најповолна понуда“ се заменуваат со зборовите: „најповолен понудувач“.

Во ставот (4) зборовите: „најповолна понуда“ се заменуваат со зборовите: „најповолен понудувач“.

Член 3

Во член 18 став (1) во точката 12 зборовите: „најповолна понуда“ се заменуваат со зборовите: „најповолен понудувач“.

Член 4

Во член 26 во ставот (3) зборовите: „најповолна понуда“ се заменуваат со зборовите: „најповолен понудувач“.

Член 5

Насловот пред членот 27 се менува и гласи:

„Избор на најповолен понудувач“.

Член 6

Во членот 27 ставот (1) се менува и гласи:

„Врз основа на предлогот за избор на најповолен понудувач на Комисијата, министерот, а за заштитените подрачја управителот на правното лице кое управува со заштитеното подрачје одлучува за избор на најповолен понудувач со донесување на решение.“.

Во ставот (2) во воведната реченица зборовите: „најповолна понуда“ се заменуваат со зборовите: „најповолен понудувач“.

Во ставот (3) зборовите: „најповолна понуда“ се заменуваат со зборовите: „најповолен понудувач“.

Во ставот (4) зборовите: „најповолна понуда“ се заменуваат со зборовите: „најповолен понудувач“.

Во ставот (5) зборовите: „најповолна понуда“ се заменуваат со зборовите: „најповолен понудувач“, а зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Во ставот (6) зборовите: „склучување на договор" се заменуваат со зборовите: „избор на најповолен понудувач", а зборовите: „најповолна понуда“ се заменуваат со зборовите: „најповолен понудувач“.

Во ставот (7) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Во ставот (8) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 7

Во член 29 став (1) во точката 3 точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „или“.

По точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

„4. откажување на потпишување на понуден договор за користење од најповолниот понудувач.“

Во ставот (3) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Доколку најповолниот понудувач се откаже од потпишување на договорот за користење, министерот, а за заштитените подрачја управителот на правното лице кое управува со заштитеното подрачје, рибите и другите водни организми ги доделува на користење на следниот по ред рангиран понудувач. Во случај никој од рангираните понудувачи да не го потпише договорот, министерот, а за заштитените подрачја управителот на правното лице кое управува со заштитеното подрачје донесува решение за поништување на постапката.“.

Член 8

Во член 30 во ставот (5) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 9

Во член 32 во точката 9 по зборот „известувања“ се додаваат зборовите: „„како и определување период на забрана на ловење на риби, согласно со подзаконскиот акт од членот 37 став (4) од овој закон, во рамките на периодот на природен мрест на рибите утврден во риболовната основа од членот 8 став (1) од овој закон“.

Член 10

Во член 48 во ставот (8) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Во ставот (12) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 11

Во член 51 во ставот (2) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 12

Во член 52 став (3) во точката 2 зборовите: „рибарството и“ се бришат.

Член 13

Во член 55 во ставот (10) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 14

Во член 58 во ставот (5) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 15

Во член 60 во ставот (8) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 16

Во член 67 во ставот (8) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 17

Во член 81 во ставот (2) зборот „подрачја“ се брише.

Член 18

Во членот 83 точката 1 се менува и гласи:

„Вршење комерцијален риболов на риболовни зони на кои нема корисник на риби и други водни организми,“.

Член 19

Во член 90 во ставот (3) по зборот „аквакултура“ се додаваат зборовите: „наменет за промет“.

Член 20

Во член 91 став (4) во алинејата 1 запирката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „или договор за соработка за одгледување на порибителен материјал со научна и/или образовна институција од членот 77 од овој закон,“.

Во ставот (8) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 21

Во член 93 во ставот (5) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 22

Во член 97 став (1) во точката 3 зборовите: „риболов на риболовно подрачје“ се заменуваат со зборовите: „комерцијален риболов на риболовни зони“.

Член 23

Во член 101 став (1) во точката 21 сврзникот „и“ на крајот на реченицата се заменува со точка запирка.

Во точка 22 точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По точката 22 се додава нова точка 23, која гласи:

„23. Врши рекреативен риболов на рекреативни зони кои не се доделени на користење, а не поседува државна дозвола (член 41 став (2) точка 1)“.

Член 24

Во член 109 во ставот (1) зборот „една“ се заменува со зборот „две“.

Член 25

Во член 110 зборовите: „три години“ се заменуваат со зборовите: „во рок од пет години“.

Член 26

Во член 112  зборовите: „31 декември 2025 година“ се заменуваат со зборовите: „31 декември 2026 година“.

Член 27

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.